ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Број 43, **Четврток,** 13.8.2015

СЗПМ

Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

ВО ПРЕСРЕТ НА 20-ТАТА ЈУБИЛЕЈНА ПЕНЗИОНЕРСКА СПОРТСКА ОЛИМПИЈАДА

Манифестацијата прерасна во препознатлив бренд

На натпреварите досега присуствуваа и градоначалниците, а важноста на оваа масовна пензионерска манифестација ја потврдуваат со своето присуство и покровителство министри на Владата и премиерот на државата

Калина С. Андонова

Јубилеите се убав повод да се присетиме на почетоците, но и на сето она што поминало низ годините, на сите настани во кои сме вградиле дел од нашите соништа, труд и идеи. И сите тие спомени и сеќавања носат чувство на гордост, на исполнетост и докажуваат дека залагањата донеле резултати.

Така се чувствуваат во пресрет на 20-тата јубилејна пензионерска спортска Олимпијада и сегашните пензионери, но и оние кои ги удриле темелите на оваа спортска републичка манифестација.

Првите пензионерски спортски натпревари се одржале во Охрид, во далечната 1996 година, а на нив учествувале само десетина здруженија, кои се натпреварувваа само во три спортски дисциплини во присуство на 150 учесници. Оттогаш наваму, спортот како главна преокупација кај пензионерите, односно луѓето од третата доба, станува важна активност и фактор за одржување и подобрување на психофизичката состојба кај оваа популација. Низ годините оваа активност постојано се збогатува со нови спортски дисциплини и други облици на рекреација за здраво стареење. Како и во сите почетоци, во првите години на одржување на пензионерските спортски натпревари немало одредени правила и пропозиции, но подоцна, благодарение на стекнатите искуства и заложбите и на оние што се натпреварувале и на оние што ги организирале и поддржувале, бил изготвен правилник за спортските натпревари, кој постојано се надополнува и надоградува сè со цел натпреварите да бидат регуларни, чесни и максимално спортски, како според можностите на натпреварувачите така и според финансиските можности на здруженијата и на Сојузот. Притоа, секогаш се настојувало натпреварите да опфатат што повеќе пензионери, а регионалните и републичките натпревари се одржувале во различни градови, поддржувани и од локалната самоуправа и од градоначалниците на општините. Така, оваа година од 8 регионални натпревари, на 5 од нив присуствуваа и градоначалниците, а во општините Илинден и Ново Село беа и покровители на манифестацијата, а важноста на оваа масовна пензионерска манифестација ја потврдуваа со своето присуство министри и премиерот на државата.

Иако на овие натпревари настапуваат натпреварувачи во поодминати години, тие во сите дисциплини постигнуваат високи резултати на кои можат да им позавидат и помлади активни спортисти

Благодарение на тоа, пензионерските спортски натпреварите прерасна во вистинска пензионерска Олимпијада со сите карактеристики и обележја.

Оваа 20-та јубилејна пензионерска спортска Олимпијада ќе се одржи во главниот град на нашата земја, во комплексот „Нју стар“, на 4 септември. На истата ѝ претходеа регионалните натпревари на кои непосредно учествуваа 52 здруженија на старосни пензионери - членки на СЗПМ, кои се натпреварувваа во двете категории (мажи и жени) во 11 спортски дисциплини. Во нив учествуваа вкупно 1.607 натпреварувачи, од кои 970 во машка и 637 во женска конкуренција. Според показателите од изминатите години, бројот на натпреварувачи од година на година постојано се зголемува, што покажува дека луѓето од третата доба сакаат да се занимаваат со спорт, да се рекреираат и притоа меѓусебно да се дружат.

На годинашниве 20-ти по ред републички спортски натпревари ќе настапат 397 натпреварувачи, од кои 208 во машка и 189 во женска конкуренција.

Иако на овие игри настапуваат натпреварувачи во поодминати години, тие во сите дисциплини постигнуваат високи резултати на кои можат да им позавидат и помлади активни спортисти.

На 20-тата јубилејна републичка пензионерска „Олимпијада-Скопје 2015“ ќе се натпреварува пензионерите, но победници ќе бидат најподготвените, а на некои сојузник ќе им биде и среќата, покрај умеењето и искуството.

ЗП-РАДОВИШ И КОНЧЕ

Околу 9.000 пензионери се дружеа во Ораовица

Љилјана Младеновска

Под сенките на столетните дабови и ореови дрвја пензионерите уживаа во пријатниот амбиент. Се заори песна, се разви оро македонско, на задоволство на сите присутни од сите краишта на Македонија

На 19 јули 2015 година, Здружението на пензионерите од Радовиш и Конче и оваа година беше организатор на манифестацијата „Пикник на зелено“, што се одржа во манастирскиот комплекс „Свети Ѓорѓија“ кај селото Ораовица.

Во овој убав летен ден, околу 9.000 пензионери од 38 здруженија од целата наша земја, членки на Сојузот на здруженијата на Македонија, се дружеа и уживаа во прекрасната природа и во богатата културно-уметничка програма.

На почетокот на дружењето гостите ги поздрави претседателката на активот на пензионерки, Павлина Чабукова, потоа претседателот на ЗП-Радовиш и Конче, Јордан Костадинов им посака срдечно и топло добредојде на сите присутни на оваа пензионерска средба. Костадинов им упати голема благодарност за масовното присуство, а особено ги пофали штипјани кои и оваа година беа најмногубројни, со 533 учесници. Претседателот Костадинов им се заблагодари и на градоначалникот на општината Радовиш, Сашко Николов и на ктиторот на црквата, Николајчо Николов, за нивните усилби и помош што секоја година се доградува и уредува овој прекрасен простор што е сè повеќе посакувана и посетувана дестинација за сите пензионери од Република Македонија.

На пензионерите им се обрати и ктиторот на манастирската црква „Свети Ѓорѓија“, Николајчо Николов, кој воедно е и спонзор на овој најмасовен пензионерски собир. Тој ги поздрави пензионерите со нескриено задоволство, истакнувајќи дека е изненаден од нивната виталност и од добрата организираност и ги покани догодина да се видат на уште поголема средба на овој простор, кој постепено, но сигурно веќе прераснува во туристичко-рекреативен центар.

Средбата ја отвори претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски. Тој зборуваше за значењето на овие средби за здравјето на пензионерите и истакна дека ваквите дружења претставуваат мост за градење нови пријателства, за релаксација и забава на луѓето од третата доба. Претседателот Аргировски, исто така, ги пофали домаќините за нивната добра соработка со локалната самоуправа, со СЗПМ и со другите организации и институции, како резултат на што пензионерите имат разни придобивки.

Под сенките на столетните дабови и ореови дрвја пензионерите уживаа во пријатниот амбиент. Се заори песна, се разви оро македонско, на задоволство на сите присутни. Пријатниот амбиент го надополнуваше реномираната пејачка и музичка група „Златни прсти“.

Оваа средба долго време ќе им остане во сеќавање на пензионерите кои оваа година масовно дојдоа во Ореовица.

ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА ВО ТРЕТАТА ДОБА ВО ДХО „ДАРЕ ЏАМБАЗ“ - СКОПЈЕ

Презентација на успешните активности

Тихана Обрадовиќ

На 15 јули, во дневниот центар за стари лица во ДХО „Даре Џамбаз“, беше реализирана посета од генералниот директор на ЕВН за Македонија, Штефан Петер, од претставници од градот Скопје, претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, претставници од МТСП, претставници од ЗДС и генералниот секретар на ЦКРМ, Саит Саити.

На состанокот беа презентирани активностите, услугите и резултатите на проектот „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“, при Црвен крст на град Скопје, како и сите услуги што корисниците во домашни услови ги добиваат од стручните соработници и волонтери, потоа различните видови хуманитарни, социјални и едукативни активности во кои учествуваат активните лица од третата доба, како и стратегиски пристап во развивањето и унапредувањето на проектот. На состанокот беа присутни и корисниците на услугите во домашни услови и во дневните центри, кои го раскажаа своето искуство и изразија задоволство од социјалниот сервис за стари лица од Црвен крст на град Скопје.

Инаку, ова е една од планираните активности на проектот „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“, поддржан од компанијата ЕВН-Македонија, од градот Скопје и од австриското Црвен крст, преку кој досега се реализирани 5.760 посети на стари лица од медицински сестри и 2.880 од волонтерите.

ДРАГИ АРГИРОВСКИ ГОСТИН ВО ИНФОРМАТИВНАТА ЕМИСИЈА „ОКРУЖЕЊЕ“ ПОСВЕТЕНА НА БАЛКАНОТ

Грижата за старите

Во сезоната 2014/2015 година, низ 14 емисии присуствувале околу 60 гости, умни и остварени личности во своите средини и пошироко, кои отворено, директно и искрено расправале за актуелни теми за да им помогнат на земјите од опкружувањето подобро да се разберат и да го зајакнат меѓусебното почитување, како и да ги искористат меѓусебните искуства и знаења

Калина С.Андонова

Драги Аргировски, познат публицист и новинар, актуелен претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, беше гостин во Белград, во информативната емисија „Окружење“.

Ова е прв пат по две децении еден телевизиски серијал на информативни емисии да биде прикажан истовремено на десет телевизиски станици и тоа во: Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Македонија, Србија, Словенија и во Косово. Во тие емисии, луѓе од пет држави разговараат без преведувач и убаво се разбираат. Всушност, тоа и била идејата на Центарот за демократија и помирување во југоисточна Европа (CDRSEE) и на Европскиот фонд за Балканот (EFB) кога одлучиле да започнат телевизиски проект што би им овозможил на гледачите низ целиот Балкан да видат дека проблемите кои ги имаат им се слични. Притоа, проектот нема цел да го врати времето, туку на еден професионален и оригинален, можеби и единствен начин, да им помогне на луѓето од западен Балкан во решавање на нивните проблеми и дилеми.

Како што е познато, државите од западен Балкан повеќе од две децении се обидуваат да ги зацелат раните од војните, да ги излечат детските болести на демократијата, да се подготват за вистинско прифаќање на европските вредности, а не само да бидат членки на ЕУ. Желбата на CDRSEE и на EFB е низ проектот „Окружење“ да дадат придонес во остварување на тие цели. Значењето на овој проект го препознало и финансиски го поддржува Министерството за надворешни работи на Република Германија.

Авторите на проектот, охрабрени од големата поддршка на гледачите, на гостите кои биле поканувани, како и на ТВ-партнерите, проектот го реализираат континуирано веќе четврта сезона. Во сезоната 2014/ 2015 година, низ 14 емисии присуствувале околу 60 гости, умни и остварени личности во своите средини и пошироко, кои отворено, директно и искрено расправале за актуелни теми за да им помогнат на земјите од опкружувањето подобро да се разберат и да го зајакнат меѓусебното почитување, како и да ги искористат меѓусебните искуства и знаења.

Во третата сезона, емисијата „Окружење“ се реализира во Београд. Угледни новинари и уредници од земјите во кои се емитува емисијата, даваа свои коментари, видувања и сугестии за повеќе теми. Затоа сите телевизиски куќи кои ги емитуваат овие емисии и понатаму ќе останат во проектот, а кон нив се придружува и Албанија.

Во емисиите од третиот циклус беа третирани следните теми: солидарност, организиран криминал и корупција, нашиот јазик, социјалните мрежи, екологија, невработеност, образование, грижа за старите, последиците од војната, учење демократија, регионална соработка, актерот е актер и соработката на медиумите во регионот.

Во осмата емисија на „Окружење“, тема беа старите луѓе: како живеат и зошто во нашиот регион наместо младите да се грижат за нив, најчесто тие се грижат за младите. Како по некое непишано правило во регионот, старите се несфатени, често заборавени, уште почесто осамени и во третата доба кога имаат акумулирано најмногу знаење и искуство речиси никој не сака да го слушне нивното мислење. Притоа, старите најмногу се плашат да не бидат некому на товар. Прашањето во емисијата беше дали е тоа баш така во целиот регион и ако е така што треба да се преземе или да се измени.

За положбата на луѓето од третата доба во оваа мошне гледана и популарна емисија зборуваа: Лукша Луциановиќ, претседател на Синдикатот на пензионери на Дубровник, Милена Зупанчич, актерка од Љубљана, Надежда Сатариќ од NVO „AMITS - снагата на пријателството“ од Белград и Драги Аргировски, новинар и публицист, претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Водители и уредници на емисијата како и секогаш беа Звездана Ковач и Ненад Шебек, а воведничар на оваа осма по ред емисија беше Балша Бркович, писател и колумнист од Подгорица.

- Стариот и мудар Конфучије рекол дека староста е висока цена што ја плаќаме за да порасненме. И можеби е така. На древните мудреци треба да им се верува, но покрај таа биолошка вистина постојат и многу други фактори и феномени кои се однесуваат на староста и кои многу се интересни. Од друга страна, Виктор Иго во една реченица вели: „стар е само оној кој престанал да учи, без разлика да ли има дваесет или осумдесет години“. Според Брковиќ, тоа е сосема прифатлива дефиниција, но притоа многу е битно и не помалку важно каков е односот на општеството кон старите луѓе - истакна Брковиќ.

Надежда Сатариќ од „NVO AMITS - снагата на пријателството“ од Белград рече дека староста, според неа, е лично чувство, а за општеството, староста, за жал, се сведува на бројки и статистики. Интересни беа излагањата и на другите учесници.

Во емисија, со голема почит и одбрани зборови беше најавен гостинот од Македонија Драги Аргировски, новинар и публицист, претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Затоа борбата на сите нас кои активно работиме на пензионерската проблематика треба да биде да им ги вратиме тие стари права на пензионерите и да се обидеме истите и да ги унапредиме. Дури тогаш нивниот живот ќе биде добар и достоинствен, односно таков каков што тие и го заслужуваат. Денес, во Македонија, најрадосни се децата кои живеат со своите баби и дедовци. Тие деца се и најдобро воспитани. Знаете ли кој факултет е најдобар? Домашното воспитување. Некогаш тоа беше заради сиромаштијата или традицијата. За среќа, денес тоа постепено се враќа во семејствата од разни причини.

Во последните години, во Македонија, положбата на пензионерите доста се измени и тоа на подобро. Просечната пензија во 2006 година беше 120 евра, сега е 202 евра. Тоа е повеќе отколку што е во Србија, а животните трошоци во Македонија се помали.

И во однос на Албанија, БиХ, Косово и Бугарија сме подобри. Исто така, вратиме некои од старите, но добиваме и нови привилегии. Имаме бесплатен автобуски превоз. Воведен е еден бесплатен викенд - превоз со железница и уште многу други права: бесплатна бањско-климатска рекреација, 50 отсто поевтини билети за културни настани, бесплатно болничко лекување за 160.000 пензионери кои имаат понискі пензии од просечната и друго. Сето тоа помага стандардот на пензионерите да стане повисок, а нивниот живот поодржаен.

Покрај стандардот, не помалку е важно и прашањето како се организирани пензионерите. Ние сме организирани во Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија, бидејќи сметаме дека тоа е најдобриот и најисправен начин на организирање. Сојузот е невладина организација на пензионерите, здружување на постарите граѓани, кое има цел да се бори за нивните права. Тој модел на организирање се покажа подобар и поефикасен кај нас отколку начинот на организирање на пензионерите во Србија и во некои други земји од Балканот, каде што постои Партија на пензионери. Не значи дека ако сте на власт дека ќе им биде многу добро на пензионерите и дека ќе тече мед и млеко. На пензионерите им треба многу повеќе од храна. Ние со власта соработуваме како рамноправни партнери и тоа се покажа како многу добро - рече, меѓу другото, Аргировски.

Излагањето на Аргировски беше следено со интерес и внимание од гостите, но и од публиката во емисијата.

Инаку, за сите емисии е издадена книга која е транскрипт на одбрани излагања на угледните гости во третата сезона на „Окружење“, кои зборувале на различни теми, од повеќе точки на гледање и од аспект на нивните искуства и знаења. Книгата е на српски и на англиски јазик, а во неа се поместени и видувања на учесниците за целиот проект. Меѓу нив е и видувањето на Драги Аргировски.

- Темите во „Окружење“ се актуелни. Оваа емисија е многу сериозна и многу корисна за Балканот од повеќе аспекти. Прво, темите што се обработуваат се многу интересни и многу актуелни, особено поради фактот што и публиката активно соработува во емисијата. На овој начин и конкретната тема „Грижа за старите“ имаше добра содржина, особено за меѓугенерациската соработка и односот на младите и општеството кон постарите жители кои ги има сè повеќе. Емисијата да биде добра и интересна многу придонесоа и гостите и водителите. И овој пат се покажа дека соживотот и проблемите на старите се слични во сите земји од регионот. Емисијата понуди решенија и насоки за актуелните проблеми и понатамошен развој на животот на возрасната популација во целиот регион. Во разговорот со оние кои ја гледале емисијата во Македонија, добив впечаток дека многу им се допаднала, особено и заради професионалното уредување и начинот на водење на емисијата. Емисијата „Окружење“ мора да биде на сцената уште многу години - истакна Драги Аргировски.

ПЕНЗИОНЕРСКИТЕ ДЕНОВИ ПОТТИК ЗА ТВОРЕШТВО



Вљубеник во пишаниот збор и во природата

Добре Тодоровски

Факт е дека е ретка можност да се сретнеме со луѓе кои во третата доба ја пронашле љубовта кон пишаниот збор и кон природата. Но ги има. Ванде Ганчевски, член на Здружението на пензионери од Битола е еден од тие кој со својата кроткост и ненаметливост живее творејќи и насладувајќи се на природните убавини.

Битолчанецот Ванде Ганчевски го затекнавме во тивкоста на зеленилото од куќниот двор на крајот од градот во друштво со неговата љубов - книгата. Тој од поодамна е присутен во македонската литература, но не со интензитет и перспектива таа да му биде опсесија. Во период од триесетина години ќе издаде само четири романи и една збирка поезија, кои критиката ги забележува како мошне успешни и квалитетни.

Со пензионирањето од пред шест години, поинтензивно се посветува на пишаниот збор, а забележителна е неговата присутност на литературните средби во градот. Досега негови објавени дела се романите: „Сенките се немо во сурово време“, „Ќе го тужев господ“, „Страчка“, „Ја превртив судбината“, „Бев таму и се вратив“ и збирката поезија „Парталав облак“. Во подготовка за печат му е книгата со кратки раскази и песни за деца „Кучето Бабо“ во комбинација со илустрации за деца.

Литературните критичари за неговото творештво ќе речат дека писателот Ванде Ганчевски има изградено свој препознатлив стил на изразување со детални описи и стегнато фабуларно дејство на романескното кажување.

- Пензионерските денови навистина се убава можност човек да се посвети на некогашната стара љубов - литературата. Иако на еден начин цел живот сум вклучен во творештво, но како да немало доволно време. Сега е нешто друго, кога човек не е оптоварен со други обврски може целосно да се посвети на она што најмногу го сака. Имам концепти за повеќе дела, за кои се надевам ќе стигнам да ги реализирам. Моментно работам на збирка кратки раскази, литературен жанр кој од секогаш ме воодушевувал, затоа што со малку зборови може да се каже многу повеќе - вели Ванде Ганчевски.

Инаку, како голем љубител на природата, убавото време го користи, заедно со врсниците, да се прошета на Пелистер и по околните пошумени ридови. Оние кои одблиску го познаваат писателот Ванде Ганчевски ќе ви посочат дека е голем познавач на лековите билки. Тој ги знае имињата на сите цвеќиња и сите имиња на едно цвеќе и нивните корисни својства за здравјето на човекот.

ЕЛЕКТРОНСКА КАРТИЧКА ЗА ГРАДСКИ ПРЕВОЗ ВО СКОПЈЕ

Пензионерите бесплатно ќе се возат и во приватните автобуси

Мендо Димовски

Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“, во согласност со европските стандарди воведува нов единствен тарифен систем за сите превозници во градот, кој треба да се стави во функција до крајот на годината. За побрзо активирање на системот, ЈСП презеде акција за благовремено обезбедување електронски картички за сите заинтересирани граѓани, што ќе биде услов за користење превоз со автобуси. Бенефициите што го имаат пензионерите за бесплатен автобуски превоз во Скопје во вторник, петок, сабота и во недела и понатаму остануваат непроменети, со тоа што и оваа категорија граѓани мора да биде обезбедена со електронски картички што ќе важат и за приватните автобуси.

Имајќи ја предвид ваквата условеност за користење превоз со автобусите на ЈСП, за побрзо и полесно вклучување на пензионерите во новиот систем, раководството на Сојузот на здруженијата на пензионери на град Скопје, на 18 јули, во Клубот на пензионерите на ЗП-Солидарност Аеродром, организира состанок со претседателите на здруженијата, членки на Сојузот, на кој присуствуваа претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски и тројца претставници на ЈСП-Скопје. Со состанокот раководеше претседателот на ИО на градскиот сојуз, Методија Новковски, кој во воведните забелешки го истакна значењето на овој проект и изрази согласност за организирано вклучување на Сојузот во подготовките за негова реализација.

За новините и за бенефициите што ги дава новиот систем за превоз со електронски картички зборуваше Ненад Кузмановски, директорот на ИТ-секторот во ЈСП, кој искажа подготвеност претпријатието да помогне во изготвувањето картички за пензионерите со испраќање екипи на пунктови во пензионерските клубови и на други места каде што ќе се изврши организирано сликање и земање други потребни податоци. Цената за изработка на картичката ќе биде еднократна (200 денари) со важност од 10 години, а ќе биде препознатлива по името „Скопска“.

Пензионерите ќе го почувствуваат новиот квалитет што го обезбедува системот, бидејќи во истиот ќе се интегрираат и приватните превозници, така што ќе се скрати времето на чекање и ќе се избегнат мешаниците на автобуските станици. Промоцијата на новиот систем за превоз во Скопје предизвика интерес кај сите присутни на состанокот, кои со своите предлози и мислења дадоа придонес во изградувањето позитивен однос кон примената на овој проект што треба да започне на почетокот на 2016 година.

ЗП-ТЕТОВО

Финансиска помош за настраданите пензионери

Тоа што се случуваше во Тетовско во понеделникот вечер, на 3 август, претставуваше страшна елементарна непогода. Ваква природна катастрофа не паметат ниту најстарите жители од овој крај на нашата земја. Невремето беснееше нешто повеќе од половина час. Најмногу се истури дожд по падините на Шар Планина. Порите и надојдените водотеци носеа сè пред себе. Шар Планина вистински се „распука“, оставајќи зад себе пустош. Најмногу последици имаше во селата Шипковица и во Мала и Голема Речица. Штети имаше и во градот Тетово, како и уште во неколку села по должината на подножјето на Шара. Стихијата што однесе шест жртви, оштети или сосема разурна повеќе станбени и деловни објекти, поплави површини засеани со разни култури, не ги одмина ниту пензионерите. Меѓу жртвите во поплавата од големиот нанос што се струполи врз неговата куќа настрада и пензионерот од Шипковица, 83-годишниот Хашим Фејзулаи.



Како и секогаш, и овој пат пензионерите сочувствуваат и со настраданите, со повредените и со оние кои изгубија имот, посеви, животни... И овој пат нивната хуманост и солидарност се покажаа на дело. Приклучувајќи се кон повикот на Црвениот крст и на повеќе невладини организации за помош на настраданите, за оние што останаа без домови или со полни соби со наноси од кал и од камења, кои за миг изгубија сè што со години го собирале и печалеле, ЗП-Тетово одлучи да им додели еднократна парична помош на 18 семејства во кои живеат пензионери. На сите нив им се доделени по 5.000 денари. Шест од овие семејства се од селото Шипковица, седум од Мала и пет од Голема Речица. Според изјавата на Шабан Азиси, претседателот на извршниот одбор на Здружението на пензионерите од Тетово, парични средства на пензионери во Шипковица им се доделени на: Хазис Шаини, Адем Амети, Хашим Фејзулаи, Минир Амети, Рамадан Сулејмани и Реси Камбери. Седумте пензионери од Мала Речица се: Мелќи Сулејмани, Силбие Рамадани, Камил Красники, Сафие Красники, Ханифе Красники, Целил Ганија и Ремзи Мурати. Во Голема Речица помош добија: Зибихете Ајети, Нури Милаими, Екрем Билали, Бињамин Абедини и Насер Абедини.

Во ЗП-Тетово внимателно ги следат состојбите и случувањата со последиците од стихијата и по потреба ќе им дадат помош и на други пензионери од ова здружение. Слично е однесувањето и на други здруженија на пензионери - членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Г. Ефтоски

ЗП-ЧАИР

Помош за најзагрозените пензионери

Васил Пачемски

Една од обврските на извршниот одбор на Здружението на пензионери од Чаир, планирани во програмата за работа во 2015 година, е грижата за најранливата категорија и несебичниот труд на раководството да им помогне на своите членови со доделување еднократна неповратна парична помош. При определувањето на помошта и утврдување на корисниците, во првите шест месеци од годината, финансиска помош им е дадена на 60 најзагрозени членови со ниски пензии, болни, стари и изнемоштени лица, во вкупен износ од 180.000 денари. Комисијата за здравство при Здружението изготви предлог, а извршниот одбор донесе одлука да им додели парична помош на овие лица во износ од 3.000 денари на секој поединечно.

- Ние секогаш посветуваме внимание на нашите пензионери. На ваков начин, со доделување помош, сакаме да покажеме дека водиме грижа за оние лица кои имаат потреба од тоа. Таквите акции на Здружението ќе продолжат и во другата половина од годината, а висината на помошта ќе зависи од расположливите средства. Предвидени се и други активности, меѓу кои и посета и дружење со изнемоштени и болни лица, на кои ќе им бидат доделени пригодни пакети, а ќе бидат посетени во нивните домови. При посетите со нив ќе разговараме за тешкотиите со кои се соочуваат. Овие посети за нив се од особено значење бидејќи со тоа им покажуваме дека не сме ги заборавиле - вели Ментор Коку, претседател на извршниот одбор при ЗП-Чаир.

- Благодарен сум за доделената помош од нашето здружение на пензионери и овие средства ќе ги искористам за лекови кои ми се најпотребни, а еден дел ќе потрошам за набавка на прехранбени продукти - ни рече Мевљан Али, пензионер и член на ова здружение.

Благодарност за доделената парична помош искажаа и Оливера Спировска и Исмета Незирова, кои за првпат добиваат таква помош, а парите ќе ги искористат, како што ни рекоа, за она што им е најпотребно.

ЗП-СТРУГА

Шахистката Балтоска - најтрофејната струшка спортистка-пензионерка

К.Спасески

Струшката пензионерска спортска екипа изминативе десетина години континуирано бележи задоволителен успех благодарение на неколку стандардни спортисти, во кои предничат пензионерките. Меѓу нив, една од најдобрите е Шенка Балтоска, која успешно се натпреварува во дисциплината шах. Благодарение на нејзиниот успех, минатата година на 19-те републички спортски натпревари во Тетово, екипата на ЗП-Струга во екипна конкуренција го освои третото место, заедно со нејзините колешки Лилјана Петревска и Љубица Јованоска. На републичката пензионерска Олимпијада, во поединечна конкуренција таа досега има освоено повеќе златни, сребрени и бронзени медали, а најмногу медали има добиено на регионалните спортски натпревари од четвртиот регион, каде што се вбројува меѓу најуспешните по освоените медали.

- Со шах почнав да се занимавам уште како малечка. Не знам ни зошто. Така, едноставно, при првата игра со шахот како да ме привлече магично и денес не можам да се оттргнам од него. Впрочем, шахот ми прави задоволство и ми дава мир на душата, иако за многумина е тежок спорт во кој треба да се внесеш во сите негови предизвици и потези. Можеби има нешто и генетски што го сакам овој вид спорт. Уште во Пробиштип, во мојата фамилија се играше шах. Како девојка успешно настапував за екипата „Рудар“ од Пробиштип. Од 1978 година, кога се омажив во Струга, продолжив да играм шах во шаховскиот клуб „Стево Балто“. Фамилијата по мојот сопруг во Струга е позната по шахот. А тоа за мене беше добредојдено. И по пензионирањето продолжив да играм шах за ЗП-Струга. Речиси на секои регионални спортски натпревари на пензионерите сум меѓу најдобрите, а не помалку сум успешна и на републичките спортски пензионерски олимпијади. Сè додека ме држи помнењето ќе играм шах. Оваа древна игра сакам да ја пренесам и на моите најблиски, но колку ќе успеам во тоа ќе зависи од нивниот интерес - вели познатата струшка шахистка, пензионерката Балтоска.

Иако скромна и многу тивка по природа, и не многу расположена за разговор, изразува големо задоволство од односот и од вниманието што ѝ го посветуваат во струшкото пензионерско здружение, а особено претседателот Милорад Трпоски. Тој за неа вели дека Балтоска им е најтрофејната спортистка-пензионерка.

88-от роденден на Даринка прославен во Домот

Летното сонливо утро весело ги поздравуваше зраците на сонцето кои вредно ја постелаа својата топлина наговестувајќи уште еден топол ден. Во старскиот дом се слушаа гласови на бабите и на дедовците кои, навикнати уште од нивната младост, брзаа да го поздрават денот. Во својата младост го грабеле утрото за да ја напојат нивата со капките пот или, пак, да стигнат пред да се огласи фабричкото ѕвоно, смело влегувајќи во костец во борбата за егзистенција, а сега со своите подгрбавени плеќи и со набрчкани лица со радост му се заблагодарува на новиот подарен ден.

Уште во утринските часови дојде од Велес ќерката на Даринка, која веќе неколку години е во Домот за стари лица во Куманово. Дојде за роденденот на мајка си. Во очите на ќерката се гледаше измешано чувство на жал и на радост, додека брзаше кон собата на геријатриското одделение, каде што престојуваше нејзината мајка. Ако силината на прегратката се мери со некои мерки, оваа прегратка ќе ги надминеше сите, можеби затоа што во неа натежнуваше многу благодарност, тага што не живеат заедно и се разделени, болеста на драгиот родител, но и радост што, ете, ќе го прослават 88-от роденден заедно. Ќе се прегрнат и неколку часа ќе бидат заедно. По новата роденденска кошула, што ја доби Даринка од својата ќерка, се топеа солзите кои молчаливо се тркалаа по нивните лица. Даринка не можеше да ја види ќерка си, но го чувствуваше своето чедо додека со своите тенки треперливи прсти ја милуваше по косата. Со насмевка на лицето се помрднуваше во креветот, обидувајќи се да стане за да ја пречека ќерка си како некогаш кога ја чекаше пред портата од својот дом.

На ѕидот до нејзиниот кревет, иако знаеше дека не може да ги види, ќерката на Даринка закачи три листа од блок на кои со крупни букви пишуваше: Среќен 88-ми роденден драга бабо, а црвените срценца нацртани од рачињата на нејзините правнуци ја отсликуваа нивната голема детска љубов. Потоа седна до мајка си на креветот и постојано го милуваше нејзиното набрчкано лице шепотејќи ѝ: „мајчичке моја“ и раскажувајќи ѝ новости за блиските, за роднините, за соседите. Потоа Даринка невешто го јадеше своето роденденско парче торта, кое едвај го голташе од чувствата насобрани во неа. Нејзината цимерка, како и неколкуте баби од соседните соби кои едвај дојдоа, ја делеа оваа роденденска радост со неа, а потоа сите заедно се фотографираа. Не изостана ни подарокот од службата од Домот за стари лица.

Ќерката на Даринка остана до ручек, задоволна што нејзината мајка е добро згрижена во домот, а потоа со тешки чекори и со нежен, но тажен поглед ја гушна силно, како да сакаше да ги понесе нејзините допири и замина со ветување дека повторно ќе дојде. Даринка беше многу среќна иако не ја виде својата ќерка, но беше задоволна што ја гушна, што ја почувствува до себе...

Р.Митиќ

ЗП-КОЧАНИ

Средба со поетесата Милица Трпеска

Милица Трпеска е пензиониран просветен работник од Кочани, која, освен што пишува поезија, за ЗП-Кочани се натпреварува и во пикадо. Со кочанската екипа оваа година настапи на регионалните 20-ти пензионерски спортски натпревари во Македонска Каменица. Оваа поетеса со спортски дух пишува и за деца и за возрасни. Својата љубов кон најмладите ја преточила во 3 книги поезија посветени на децата. Од песните за возрасни во кои таа ги искажува своите поетски видувања за сè што ја опкружува, резултат се четири збирки поезија. Со свои песни Милица настапила на многу телевизиски емисии, а присутна е на многу литерарни читања што ги организираат библиотеката „Искра“ и културниот дом „Бели мугри“. Не постои културна манифестација во градот Кочани, на која не е учесник Милица. Оваа активна пензионерка е добитничка и на многу признанија и награди. Цели четириесет години е член на литературниот клуб „Копнеж“. Но иако е активна и дружељубива, во нејзините песни провејува и носталгија, сеќавање за минатото и за спомените што се натрупале со годините. Ваквите чувства што понекогаш се присутни кај многумина во третата доба се сосема нормални и очекувани, бидејќи спомените не се секогаш розови, а многу од нив понекогаш будат во нас и понекоја солза. Таква е и оваа песната на Милица:

Сегашноста како да не постои
тука чиниш е само минатото
останале само спомените да зборуваат.
Сегашноста како да не постои
чиниш како да си оди.
Во мангалот во кој жарот црвенее
среде соба ги реди спомените
и сеќавањата од минатото.
Погледнувам наоколу животот јавнат на коњ
по патеките ги брои спомените за луѓето
кои одамна заминале.
Зурлите не свират, а наместо нив
ветерот свири низ ветките на дрвјата
и ја удира вратата која никој веќе не ја затвора.
Понекогаш само понекоја солза
ги покрива останатите траги.

К.С.А.

СКИЦА ЗА ПОРТРЕТ - АЛЕКСАНДАР ШУМКОВСКИ

Активен и во десеттата деценија

Милан Аџиевски

За многумина заминувањето во пензија не значи дека активниот живот завршил. Напротив. Еден од многуте примери што го докажуваат тоа е и Александар Шумковски. Кога разговаравме со него во ова жешко лето, нагласи дека веќе е навлезен во десеттата деценија од животот, но сè уште е активен како главен советник во фирмата „Елбит“, во сопственост на неговиот син Градимир.

Неговата животната приказна почнала во далечната 1927 година, како најстар син во седумдетното семејство на кројачот Шумковски. Како дете разнесувал кафе и чај низ дуќаните на скопската чаршија, а на 17-годишна возраст станал самостоен трговски претставник. Потоа бил мобилизиран од бугарскиот фашистички окупатор во Втората светска војна, од каде што дезертирал и се вклучил во партизанските единици во неговата Македонија. По ослободувањето се вклучил во обновата на опустошената земја, израснувајќи во врвен стопанственик, речено со денешен речник - бизнисмен.

Првото вработување му било во фабриката за сапун, во поранешната „Цветан Димов“. Дотогашниот сопственик, Тодор Стојановиќ, се приклучил кон новата народна власт и бил поставен за раководител, а тој го зел младиот Ацо за свој помошник, во што не погрешил. Тоа било првото скалило во успешната кариера на младиот Шумковски.

- Тоа беше вториот човек што ме упати во тајните на животните патеки. Првиот беше Оскар Данон, во чија канцеларија, пред окупацијата, ги научив тајните на успешното трговско претставување. Во „Цветан Димов“ ја запознав и мојата сопруга, работевме некое време заедно, а потоа, по партиска директива, бев пренесен во Земската управа за хемиска индустрија, со што беше трасирана мојата професионална кариера - се сеќава Шумковски

Потоа, Шумовски добил задача да раководи со изградбата и да го стави во погон текстилниот комбинат „Нонча Камишова“ во Велес, а потоа истата задача ја добил и за некогашниот хемиски гигант „Наум Наумовски-Борче“, попознат како ОХИС.

Нареден предизвик е создавањето на „Макотекс“, фирмата што беше еден од двигателите на економскиот развој на претходниот систем. Погорното скалило е претставувањето на тогашната југословенска хемиско-текстилна индустрија во странство: во САД, Индонезија, Индија..., а по осамостојувањето на Македонија, со неговиот син Градимир ги застапуваат економските интереси на јапонскиот гигант СУМИТОМО, чии донации во македонското здравство беа од извонредно значење при неговото осамостојување.

Како што почна оваа скица за портрет, така и завршува. Во својата 93-та година од животот, Александар Шумковски е главен советник во фирмата „Елбит“, која ги застапува интересите на водечките израелски, јапонски и кинески фирми во Македонија, на Балканот и во Европа.

Пензионерот Павле Митрески одликуван со медалот „Михајло Пупин“

Стојан Кукунешоски

Охридскиот историчар Павле Митрески беше одликуван со медал „Михајло Пупин“ заради неговиот истражувачки труд посветен на потеклото и творештвото на светски познатиот научник Михајло Пупин. Медалот „Михајло Пупин“ е највисокото одликување на фондацијата „Младен Селак“ од Србија, востановена уште во 1979 година.

Признанието му го врачи Милан Божиќ од „Здружение за почитување на ликот и делото на Пупин“ од Белград, кој, меѓу другото, при доделувањето истакна дека големо е задоволството што се наоѓа во оваа средина, во градот за кој Михајло Пупин велел дека е центар на христијанството и центар на балканската култура. Тој истакна и дека е задоволство да се биде во средина која дала многу познати луѓе, а меѓу нив се вбројува и професорот Павле Митрески.

Преку своите истражувања Митрески посочи дека дошол до заклучок дека корените на Пупин потекнуваат од едно село покрај Преспанско Езеро, податок што бил зачуван како запис во турски тефтер од 1568 година. Потоа потомците од Преспанско се селат во Нича, Албанија, а оттаму во Струшко, во Горна Белица и во Вевчани и на крај се задржуваат во Идвор, Банат, кај Панчево.

Според Митрески, Пупин бил пријател со американскиот претседател Вудро Вилсон. Токму од претседателот Вилсон и од тогашниот премиер на српската влада, Милан Пашиќ, бил ангажиран да напише декларацијата за заштитата на правата на малите народи. На Париската мировна конференција, вели Митрески, Пупин барал по секоја цена Македонија да добие автономија. Во 1941 година ја формира фондацијата „Олимпија Пупин“ и дава голема помош на сиромашните деца од тогашна Вардарска Македонија, меѓу кои имало и ученици од Охрид. Исто така, помогнал во изградбата на училиштето во стариот дел на Охрид, каде што денеска е сместена музејската администрација, а подарил и големо ѕвоно за камбанаријата во црквата „Света Богородица Перивлепта“, позната како „Стар Свети Климент“.

ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат: Калина С.Андонова, Мендо Димовски од СЗПМ

Александар Димковски и Марија Чундева од „Нова Македонија“